РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР 16-955/4
07.05. 2026 год.

**Р Е П У Б Л И К А С Е В Е Р Н А М А К Е Д О Н И Ј А**

**ОПШТИНА РЕСЕН**

*Сектор за урбанизам, комунални работи, локален економски развој*
*и прекугранична соработка*

Врз основа на член 27 став 5 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/02), член 71 од Статутот на Општина Ресен („Сл. Гласник на Општина Ресен“ бр. 7/10,13/13,8/15 и 11/15), Градоначалникот на Општина Ресен го донесе следното

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**за организирање јавна презентација / јавна анкета**

по предлог планот

**Измена и дополнување на детален урбанистички план за дел од УЕ 2, Блок 2, Ресен, Општина Ресен**

Се известуваат граѓаните и сите заинтересирани правни и физички лица дека се организира јавна презентација и јавна анкета по Измена и дополнување на детален урбанистички план за дел од УЕ 2, Блок 2, Ресен, Општина Ресен .

Границата на предложениот плански опфат е затворена полигонална линија, и истата оди по осовините на постојните, односно планираните улици по ГУП и ДУП и тоа:

На северо-западната страна, границата започнува од пресекот на ул. "29-ти Ноември" со ул. "11ти Октомври", продолжува кон исток по ул. "29-ти Ноември" и оди се до пресекот со ул. "Пристапна 3" , свртува кон југ канал и оди по планираниот канал согласно важечкиот ДУП, каде свртува кон југо-запад, односно запад, по осовината на улица “Станбена 1” и оди се до пресекот со ул. "11-ти Октомври" , свртува кон север по осовината на ул. "11-ти Октомври" и оди се до пресекот со ул. "29-ти Ноември", каде што и започнува. Површината на планскиот опфат изнесува 1.88ха (18814.0847м$^2$).

Јавната презентација ќе се одржи на ден 01.06.2026 година во 12:00 часот, во просториите на Општина Ресен.

Јавната анкета ќе трае во период од 01.06.2026 година до 13.07.2026 година.

Во текот на јавната анкета, планската документација ќе биде изложена на огласна табла во просториите на Општина Ресен, каде заинтересираните лица ќе можат да извршат увид и да достават свои предлози, мислења и забелешки на анкетни листови.

Анкетните листови може да се достават во архивата на Општината или по електронски пат на kabinet.gradonacalnik@resen.gov.mk.

Се покануваат сите заинтересирани граѓани, правни лица и институции да учествуваат во јавната презентација и јавната анкета.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
РЕСЕН